# РЕГУЛАТИАВА
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ОЛИМПИЈАДА ПО ФИНАНСИСКА МАТЕМАТИКА
## (финансиска писменост)

1. **Општи правила**

1.1. Оваа регулатива за организација и спроведување на Меѓународната олимпијада по финансиска математика за ученици (во натамошниот текст Олимпијада) ги дефинира организационата и методолошките одредби на Олимпијадата, постапката за учество во неа и начинот на определување на наградите и пофалбите.

1.2. Основни цели и задачи на Олимпијадата се: мотивација на учениците од различни години да ја зголемат финансиската писменост; укажување на важноста на математичките алатки и методи при донесување на разумни финансиски одлуки, како професионални, така и секојдневни. Исто така, цел на Олимпијадата е да се развие меѓународна соработка и ефикасно да се одговори на предизвикот за зголемување на финансиската писменост кај населението.

1.3. Основачи на Олимпијадата се:

- Икономически университет–Варна и
- Висшеучилище по застраховане и финанси–София.

1.4. Организатори на Олимпијадата се:

**во Бугарија**

- Икономически университет–Варна (Варна)
- Висшеучилище по застраховане и финанси (София)

**во Русија**:

- ФГАОУ ВО „Северный (Арктический) федеральный университет имени М.В. Ломоносова" (Архангельск)
- ФГАОУ ВО „Уральский федеральный университет имени Б.Ельцина" (Екатеринбург)
- ФГБОУ ВО МО „Академия социального управления" (Москва),
- ФГБОУ ВО „Елецкий государственный университет имени И.А. Бунина"
- АНО ВО „Московский региональный социально-экономический институт" (Московская область, г. Видное)

**во Туркменистан**:

- Международный университет гуманитарных наук и развития (Ашхабад);

**во Казахстан**:

- Республиканский научно-практический центр „Дарын".

1.5. Листата на организароти може да се дополни со поднесување на писмена апликација до основачите на Олимпијадата.

## 2. Рокови и место на оджување

2.1. Право за учество на Олимпијадата имаат учениците од гимназиите и средните стручни училишта, притоа роковите за одржување на Олимпијадата ги одредуваат основачите во координација со организаторите на Олимпијадата.

2.2. Местото на одржување на Олимпијадата си го одредува секој организатор самостојно.

2.3. Информациите за времето и местото на одржување на Олимпијадата се објавуваат на веб страните на организаторите на Олимпијадата и се составен дел од поканите за учество.

## 3. Правила за спроведување на Олимпијадата

3.1. Задачите и темите за Олимпијадата ги одредуваат основачите на Олимпијадата во соработка со организарорите на Олимпијадата.

3.2. Формулациите на задачите се на службениот јазик на државата каде што се одржува Олимпијадата.

3.3. Секој организатор самостојно ја одредува висината на финансискиот надоместокот за учество на Олимпијадата кој го плаќаат пријавените учесници на олимпијадата.

3.4. Задачите и темите за Олимпијадата се разработуваат земајќи ги во предвид нивото на подготовка на учениците, и тоа: ученици од прв и втор клас на средношколско образование (middle school) и ученици од трет и четврт клас од средношколското образование (high school).

3.5. Темите за Олимпијадата по правило се поврзани со следните финансики активности: динамиката на цените и инфлацијата; кредити и услови за нивна отплата; движење на средства и плаќања; инвестиции; осигурување; депозити и операции со депозити; динамика на процентуална стапка.

3.6. Тестот за Олимпијатада за секоја група на ученици се состои од седум задачи: пет задачи со по 5 можни одговори од кои само еден е точен (секоја задача се вреднува со 3 поени); една задача која треба да се образложи со краток одговор (се вреднува со 5 поени); една задача за која треба да се даде целосен опис на одговорот (се вреднува од 0 до 10 поени).

3.7. За време на Олимпијадата учесниците можат да користат референтни книги и калкулатори. Забрането е користење на уреди со надворешна меморија и мобилна врска.

3.8. Времето за решавање на задачите е 120 минути.

3.9. Сите материјални трошоци за организирање и реализирање на Олимпијадата се на сметка на организаторите на Олимпијатата, вклучувајќи го и прегледувањето и доделувањето на награди и пофалби.

3.10. Трошоците за развој на задачи и теми за Олимпијадата, како и подготовката на меѓународните сертификати и меѓународни дипломи се на сметка на основачите на Олимпијадата.

3.11. За да можат да се покријат трошоците за организирање и реализирање на Олимпијадата се овозможува привлекување на спонзори.

**4. Услови за учество на Олимпијадата**

4.1. Право на учество на Олимпијадата имаат сите ученици кои ќе се регистрираат согласно групида дадени во точка 3.4.

4.2. Секој учесник има право да добие потврда за учество во печатена или електронска форма во согласност со постапката утврдена од страна на организаторите. Организаторите се одговорни да подготвуваат сертификати и дипломи според примерокот што го доставиле основачите.

4.3. Видот и размерот на наградите, како и редоследот за доделување на награди и пофалби на Олимпијадата, го изготвува секој организатор одделно.

4.4. На барање на учесниците, основачите на Олимпијадата изготвуваат оригинални сертификати и дипломи согласно моделот кој го избрале учесниците.

4.5. Врз основа на протоколите за проверка на писмените работи организаторите прават ранг листа на национално и меѓународно ниво